# ХИДРОКОЛ СП

*Еднокомпонентно водонепропусно лепило за плочки, произведено на цементна основа и полимерни додатоци. Одговара на EN 12004 , класа C2ES1*

## Област на примена:

Се употребува за лепење на керамички плочки по принципот “плочка на плочка“, на подни и ѕидни плочки (од камен, гранит, мермер, базенски стакленокерамички плочки), изложени на надворешни влијанија, како и за позиции, кои се изложени на влага и вода, кај санитарни јазли, бањи, базени, тераси, фонтани и сл. Кај нерамни површини, при лепење на плочки со Хидрокол СП можат да се корегираат нерамнините на подлогата, во слој со големина до 1cm.

## Својства:

- добра лепливост
- одлична адхезија
- водонепропустлив
- еластичен
- едноставно приготвување
- продолжено отворено време за работа
- едноставна изведба
- економичен

## Технички карактеристики:

| Својства | Метода | Декларирана вредност |
|---|---|---|
| Изглед | - | сив прашок |
| Класа | EN 12004 | C2ES1 |
| W/M фактор (вода/материјал) | - | 0,2-0,28 |
| Отворено време за лепење на температура од 20°C | EN 1346 | 30 минути |
| Отворено време за обработка на температура од 20°C | - | 3 часа |
| Адхезија за подлогата при нормални услови | EN 1348 | >1,0MPa |
| Адхезија за подлогата по потопување во вода | EN 1348 | >1,0MPa |
| Адхезија за подлогата по циклуси мрзнење/одмрзнување | EN 1348 | >1,0MPa |
| Трансферзална деформација | - | ≥2,5mm и <5.0mm |
| Почеток на врзување | - | 3-6 часа |
| Крај на врзување | - | 10-12 часа |

## Методологија на изведба:

**Подготовка на подлогата:**
Хидрокол СП се нанесува на здрава подлога од бетон, цементен или продолжен малтер. Подлогата треба да биде чиста, обезмастена, обезпрашена и добро натопена со вода.
**Вградување:**
Хидрокол СП се припрема со додаток на вода, при што смесата постојано се меша до потполно воедначување. По замешувањето, треба да се остави да мирува најмногу 10-15 минути, по што повторно се меша и се вградува.

Вградувањето е со назабена глетарка или со шпахтла во слој од 4-10mm, по целата површина на подлогата, каде се лепат плочките. Пред вградувањето, плочките треба да се потопат во вода и со втиснување треба да се залепат на нанесениот лепак. Отворено време за врадување на замешаниот материјал е 30 минути, на температура од 20°C. Температурата на подлогата при вградување треба да биде помеѓу 5°C до 35°C. Споевите помеѓу плочките се обработуваат со смеса за фугирање на Фугофил, најрано 24 часа по вградувањето.

ГРАДЕЖНИ ЛЕПИЛА

## Потрошувачка:

| | |
|---|---|
| за слој со дебелина од 1mm | ~ 1,1 kg/m$^2$ |
| во зависност од подлогата | ~ 3,3-6,6 kg/m$^2$ |

## Чистење:

Алатот и опремата се чистат со вода, веднаш по употребата.

## Пакување:

| | |
|---|---|
| вентил вреќи | 25kg |

## Складирање:

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории на температура од 5°C до +35°C. Рок на употреба 12 месеци.

Опасност по здравјето: Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата и очите, како и директно вдишување на прашакот. При контакт на производот со кожата, треба веднаш да се отстрани со вода и сапун. Ако материјалот дојде во контакт со очи, потребно е веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош. Доколку се проголта, потребно е да се побара медицинска помош.
Пожар: Производот е незапалив.
Чистење и депонирање: Чистењето е со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип на отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на соодветна опрема.

ADING
Новоселски пат бб, 1000 Скопје, Р. Македонија, ading@ading.com.mk,
Тел: ++ 389 / 02 2034 840,  2034 820, Факс: ++ 389 / 02 2034 821
www.ading.com.mk